# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# ОПШТИНА НЕГОТИНО

14.09.2026 | број 13 | Излегува по потреба



**Адреса: ул. „ Ацо Аџи Илов " бр.2** **тел: 043 361-045**

**e-mail: sovet@negotino.gov.mk** **www.negotino.gov.mk**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/1**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 79, став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2026 година

### Член 1

Во Програмата за Локален економски развој за 2026 година бр.08-2505/19 од 25.12.2025 година ( Сл. гласник бр. 21/25 ) се вршат следните измени во делот :

**Под-програма Г10 - Поддршка на локалниот економски развој за 2026**

**Во точка 8 – Проект „ MADE BY AS “** финансиран од Министерство за надворешни работи на Р. Бугарија , Програма„ Бугарска Развојна Помош :

Вкупно планирани средства во износ **904.132,00** денари се зголемува за **162.966,00** денари и изнесува **1.067.098,оо** денари. При што

- Приходно конто 742115 се зголемува за **162.966,00** денари
- Раходно конто 464990 се намалува за **100.000,00** денари
- Раходно конто 480130 се зголемува за **262.966,00** денари
-

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2026**

Вкупно планирани средства во износ **1.735.000,00** денари се намалува за **230.000,00** денари и изнесува **1.355.000,оо** денари. При што,

- конто 425990 се намалува од **1.240.000,оо** за **490.000,оо** денари и сега изнесува **750.000,оо** денари
- На конто 420130 се зголемува за **100.000,оо** и сега изнесува **100.000,00** денари
- конто 426990 се зголемува за **10.000,00** денари

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино “.

бр.08- 1971/ 3
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/2
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година**

**Член 1**

Во **Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година** се вршат следните измени во делот:

Програмски активности од областа образованието во основно образование N1 износот од **1.008.000,оо денари** се менува во **1.030.000,оо денари**, на конто 425920 (услуги за копирање и печатење) се додават **12.000,оо денари**, и на конто 426990 (други оперативни расходи) се додаваат **10.000,оо** денари.

Програмски активности од областа образованието во средно N2 износот од **733.000,оо денари** се менува во **773.000,оо денари**, на конто 425920 (услуги за копирање и печатење) се додават **30.000,оо** ден.

После точка 10 се додава нова
**Точка бр.11** Поддршка активности на Локален младински совет за кој е предвиден износ од **10.000,оо** денари од кој 426990 се додаваат **10.000,оо** денари.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино**".

бр.08- 1971/ 4
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување на Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Програма за изменување на Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/3
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24), Законот за животната средина („Службен весник на РМ “ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22 ,171/22, 3/25 и 124/25 ) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

# ПРОГРАМА

## за изменување на Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година

### Член 1

Во **Програмата за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година** во преглед на вкупни потребни финансиски средства :

**Во точка 1,2,** ставка RAO со вкупната сума од **800.000,оо** денари се намалува за **200.000,оо** денари и изнесува вкупно **600.000,оо** денари

Вкупната сума од **1 000.000,оо** денари се намалува за **200.000,оо** денари и изнесува вкупно **800.000,оо** денари.

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “**

бр.08- 1971/ 6
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година**, што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/4
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 95 став 1 од **Законот за градежно земјиште** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), член 58 од **Законот за градење** („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), член 6, 8 и 14 од**Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), член 8 и 14 од **Законот за комуналните дејности** („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), член 7,11,18,22 и 52 **Закон за превоз во патниот сообраќај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 11, 14 и 24 од **Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води** („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21), член 7 и 9 од **Закон за јавна чистота** („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21, 255/24 и 101/25), член 36 став 1 точка 15 од **Закон за локална самоуправа** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24). И Член 79 став 1 точка 26 од **Статутот на општина Неготино** (Сл. Гласник на член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино, Сл. Гласник на општина Неготино бр.3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

## ПРОГРАМА

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година

Член 1

Во програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Неготино за 2026 година се вршат следните измени:

Вкупниот износ на потпрограмата **Ф2 – ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ** од 5.000.000,00 денари се заменува со 4.548.239,00 денари.

Во потпрограмата **Ф2 – ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ** се додава точка 10 и гласи:

- Изработка на техничка документација за комунална инфраструктура на дел од КП бр. 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП бр. 678, КП бр. 679, КП бр. 680, дел од КП бр. 681, КП бр. 762, КО Криволак, дел од КП бр. 1000/1, дел од КП бр. 1006/2 и дел од КП бр. 4178/1, КО Неготино, општина Неготино.

Вкупниот износ на потпрограмата **ФА – УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** од 3.000.000,00 денари се заменува со 1.500.00,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **ФД – УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ)** од 4.500.000,00 денари се заменува со 6.000.00,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј0 – ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И ПЛАЌАЊЕ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 850.000,00 денари се заменува со 550.000,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј3 – ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ** од 3.500.000,00 денари се заменува со 5.500.000,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА И ПЛАЌАЊЕ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 2.000.000,00 денари се заменува со 2.100.000,00 денари.

**Точка 3.1.1. Метење на улици** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се заменува со следниот текст:

Метењето на улиците ќе се врши:
- од <u>04:00</u> часот до <u>08:00</u> часот во период од 01.04 до 31.10 (летен период)
- од <u>05:00</u> часот до <u>09:00</u> часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

<u>Се додава:</u>

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;

- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно табела 1 од оваа точка.За преостанатото работно време, спроведувачот е должен континуирано да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.

<u>Се менува:</u>

- Цената за вршење на оваа активност од **0,35 денари/м²**се заменува со **0,20 денари/м².**
- Неделната динамика на метење за одредени улици наведени во Табела 1 се менува, односно улиците за кои беше предвидено метење **7 (седум) пати неделно** (улиците под редни броеви **1, 9, 10 и 12**) се заменуваат со **5 (пет) пати неделно**.

| бр. | Улица | Опис | Површина | Неделно третирање | Површина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | "Маршал Тито" | Од ул. "Н. Петров" до ул. "С. Ставров" | 324 | ~~7~~ 5 | 1.620 |
| 2 | "Маршал Тито" | Од ул. "Н. Петров" до ОВР | 1411 | 3 | 4.233 |
| 3 | "Маршал Тито" | Од ОВР до старо ФЕМ | 2600 | 1 | 2.600 |
| 4 | "Маршал Тито" | Од ул. "С. Ставров" до ООУ "Гоце Делчев" | 924 | 3 | 2.772 |
| 5 | "Маршал Тито" | Од ООУ "Гоце Делчев" до ул. "Првомајска" | 1115 | 1 | 1.115 |
| 6 | "Партизанска" | Од градски плоштад до црква | 1656 | 5 | 8.280 |
| 7 | "Партизанска" | Од црква до градки гробишта | 1064 | 2 | 2.128 |
| 8 | "Ставре Ставрев" | | 633 | 3 | 1.899 |
| 9 | "Јане Сандански" | | 998 | ~~7~~ 5 | 4.990 |
| 10 | "Пекарев" | | 496 | ~~7~~ 5 | 2.480 |
| 11 | "Христо Ботев" | Од ул. "Д. Груев" до зграда на ЈП Комуналец – официјален влез на градски пазар и околу пензионерски дом | 900 | 2 | 1.800 |
| 12 | "Ацо Аџи Илов" | Од ул. "М. Тито" до Дисански мост на ул "Ацо Аџи Илов" | 1568 | ~~7~~ 5 | 7.840 |
| ВКУПНО | | | | | 41.757 |

*Табела 1. Површини кои се предмет на работа во **точка 3.1.1.***

**Точка 3.1.2. Метење на паркинг простори** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се додава следниот текст:

Метењето на паркинг просторите ќе се врши:
- од <u>04:00</u> часот до <u>08:00</u> часот, во период од 01.04 до 31.10 (летен период)
- од <u>05:00</u> часот до <u>09:00</u> часот, во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;
- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно Табела 2 од оваа точка.За преостанатото работно време, спроведувачот е должен континуирано да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.

- Цената за вршење на оваа активност изнесува **0,20 денари/м².**
- Неделната динамика на метење на паркингот на ул. "Партизанска" за кој беше предвидено метење **7 (седум) пати неделно** се заменуваат со **5 (пет) пати неделно**.

| бр. | Паркинг | Површина | Неделно третирање | | Површина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Паркинг на ул. "Партизанска" | 1760 | ~~7~~ | 5 | 8.800 |
| ВКУПНО | | | | | 8.800 |

*Табела 2. Површини кои се предмет на работа во точка **3.1.2.***

**Точка 3.1.3. Метење на плоштади и уредени отворени површини** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се додава следниот текст:

Метењето на плоштади и уредување на отворени површини ќе се врши:
- од <u>**04:00**</u> часот до <u>**08:00**</u> часот, во период од 01.04 до 31.10 (летен период)
- од <u>**05:00**</u> часот до <u>**09:00**</u> часот, во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;
- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно Табела 3 од оваа точка.За преостанатото работно време, спроведувачот е должен континуирано да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
- Цената за вршење на оваа активност изнесува **0,20 денари/м².**
- Неделната динамика на метење за одредени површини наведени во Табела 3, за кои беше предвидено метење **7 (седум) пати неделно** се заменуваат со **5 (пет) пати неделно**.

| бр. | Отворени површини | Површина | Неделно третирање | | Површина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | "Страшо Пинџур" | 1760 | ~~7~~ | 5 | 8.800 |
| 2 | Градски плоштад | 5370 | ~~7~~ | 5 | 26.850 |
| 3 | Влез пред Желкова куќа | 30 | 2 | | 60 |
| ВКУПНО | | | | | 35.710 |

*Табела 3. Површини кои се предмет на работа во **точка 3.1.3.***

**Точка 3.2. Миење на јавни површини** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се додава нова потточка **3.2.1.** која гласи:

**3.2.1. Миење на улици**

Миењето на улиците ќе се врши:
- од <u>04:00</u> часот до <u>08:00</u> часот во период од 01.04 до 31.10 (летен период)

**Се додава:**

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;

- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно Табела 4 од оваа точка.

**Се менува:**

- Оваа активност ќе се врши по цена од **0,50 денари/м²** за миење на јавни површини и **0,10денари/м²** за прскање на јавни површини.
- Во Табела 4, за сите улици, предвидената динамика на миење од **14 (четиринаесет) пати неделно** се заменува со **1 (еден) пат неделно.**

| бр. | Улица | Површина | Неделно третирање | Површина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | "Маршал Тито" (од ул. "Н. Петров" до ул. "С. Ставрев") | 10.080 | ~~14~~ 1 | 10.080 |
| 2 | "Маршал Тито" (од ул. "Н. Петров" до ОВР) | 8.820 | ~~14~~ 1 | 8.820 |
| 3 | "Маршал Тито" (од ОВР до старо ФЕМ) | 16.250 | ~~14~~ 1 | 16.250 |
| 4 | "Маршал Тито" (од ул. "С. Ставров" до ООУ "Гоце Делчев") | 5.780 | ~~14~~ 1 | 5.780 |
| 5 | "Маршал Тито" (од ООУ "Гоце Делчев" до ул. "Првомајска") | 6.970 | ~~14~~ 1 | 6.970 |
| 6 | "Партизанска" (од градски плоштад до црква) | 3.450 | ~~14~~ 1 | 3.450 |
| 7 | "Партизанска" (од црква до градски гробишта) | 6.650 | ~~14~~ 1 | 6.650 |
| 8 | "Ставре Ставрев" | 1.980 | ~~14~~ 1 | 1.980 |
| 9 | "Јане Сандански" | 2.925 | ~~14~~ 1 | 2.925 |
| 10 | "Пекарев" | 1.553 | ~~14~~ 1 | 1.553 |
| 11 | "Христо Ботев" (од ул. "Д. Груев" до зграда на ЈП Комуналец – официјален влез на градски пазар и околу пензионерски дом) | 750 | ~~14~~ 1 | 750 |
| 12 | "Ацо Аџи Илов" (од ул. "М. Тито" до Дисански мост на ул "Ацо Аџи Илов") | 4.550 | ~~14~~ 1 | 4.550 |
| ВКУПНО | | | | 69.758 |

*Табела 4. Површини кои се предмет на работа во **точка 3.2.1.***

**Точка 3.2.2. Миење на паркинг простори** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се додава следниот текст:

Миењето на паркинг просторите ќе се врши:

- од <u>04:00</u> часот до <u>08:00</u> часот, во период од 01.04 до 31.10 (летен период)

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;
- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно Табела 5 од оваа точка.
- Оваа активност ќе се врши по цена од **0,50 денари/м²** за миење на јавни површини и **0,10денари/м²** за прскање на јавни површини.

- Во Табела 5, за сите паркинзи, предвидената динамика на миење од **14 (четиринаесет) пати неделно** се заменува со **1 (еден) пат неделно.**

| бр. | Паркинг | Површина | Неделно третирање | Површина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Паркинг на ул. "Партизанска" | 1.760 | ~~14~~ 1 | 1.760 |
| ВКУПНО | | | | 1.760 |

*Табела 5. Површини кои се предмет на работа во точка* ***3.2.2.***

**Точка 3.2.3. Миење на плоштади и уредени отворени површини** во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се додава следниот текст:

Миењето на плоштади и уредени отворени површини ќе се врши:
- од **<u>04:00</u>** часот до **<u>08:00</u>** часот, во период од 01.04 до 31.10 (летен период)

- Општина Неготино еднаш неделно издава налог за работа кон ЈП Комуналец – Неготино;
- Спроведувачот (ЈП Комуналец – Неготино) е должен на крајот од неделата да доставува извештај за извршени активности, согласно Табела 6 од оваа точка.
- Оваа активност ќе се врши по цена од **0,50 денари/м²** за миење на јавни површини и **0,10денари/м²** за прскање на јавни површини.

| бр. | Отворени површини | Површина | Неделно третирање | Површина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | "Страшо Пинџур" | 1.760 | 1 | 1.760 |
| 2 | Градски плоштад | 5.370 | 1 | 5.370 |
| ВКУПНО | | | | 7.130 |

*Табела 6. Површини кои се предмет на работа во* ***точка 3.3.3.***

**Точка 3.3. Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови**во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се отстранува.

**Точка 3.4. Вонредно одржување**во потпрограмата **Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**се пренумерира во **Точка 3.3. Вонредно оджување**, а во нејзината содржина се вршат следниве измени:

Точка 3.3. Вонредно оджување

- **Чистењето на јавни објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти, покрај редовното, ќе се врши и вонредно, согласно потребите што ќе се јават во текот на годината.**
- **ЈП „Комуналец" ќе врши чистење на јавните површини веднаш по завршувањето на јавни манифестации организирани од Општина Неготино.**
- **При користење на јавни површини и отворени простори на јавните објекти, корисникот е должен да склучи договор со ЈП „Комуналец" за чистење и враќање на површината во првобитна состојба.**
- **Одговорните лица на јавните објекти кои располагаат со дворни површини се должни да склучат договор со ЈП „Комуналец" за нивно редовно и вонредно одржување.**

Во потпрограмата Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА во Точка 4 Финансиски средства се додава и гласи:

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ И ПЛАЌАЊЕ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 5.000.000,00 денари се заменува со 4.500.000,00 денари.

Потпрограмата **3.6.Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ**се менува во целост и гласи:

Врз основа на член 61 од **Законот за јавни патишта**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), член 5 став 1 точка 6 од **Законот за комуналнидејности** („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), под одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со цел да се одрѓи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.

1. Работите од редовно одржување и заштита на локалните патишта и улици опфаќаат следните работни операции: поправка и антикорозивна заштита на ограда, уредување и чистење на риголи и канали за одводнување, уредување на банкини – планирање и порамнување, поправка на локални патишта и улици на оштетена асфалтна површина – ударни дупки, мрежести пукнатини, надолжни и попречни денивелации како и итни поправки и интервенции со цел да се осигура безбедно одвивање на сообраќајот и останатите работи.
2. Под зимско одржување на локалните патишта и улици се подразбира обавување на работи за одржување на нивна проодност и сигурност за одвивање на режимот на сообраќајот во зимски услови согласно со посебните прописи од Законот за јавни патишта (материјал за посипување, рачно и машинско чистење на снегот, крпење со ладна маса на ударни дупки, приправност и работа на ангажираните работници).

**Приходи:**

За 2026 година, од агенцијата за државни патишта планирани се средства во висина од 3.400.000,00 денари и 1.600.000,00 денари од буџетот на општина Неготино. Со што за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на сообраќајот во 2026 година со оваа програма се планираат средства со вкупен износ од 5.000.000,00 денари.

**Расходи:**

Средствата кои се предвидени со оваа програма ќе бидат наменети за:

| | | |
|---|---|---|
| Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај | |
| 1 | Крпење на ударни дупки и вградување на асфалт | |
| 2 | Зимско одржување на локални патишта и улици(набавка на сол,ризла,рачно и машинско расчистување на снег со посипување со сол и ризла и крпење на ударни дупки со ладна маса) | |
| 3 | Одбележување на хоризонтална сигнализација | |
| 4 | Одржување на вертикална сигнализација и антикорозивна заштита метални профили | |
| 5 | Одржување на канафки и банкини на локални патишта | |
| 6 | Одржување на земјоделски и општински патишта и улици по барања и забелешки на гарѓани и непредвидени и вонредни активности | |
| 7 | Стручен надзор | |
| Ј6 | **СЕ ВКУПНО** | **5.000.000,00** |

### 2.6.1. Редовно одржување и заштита на локалните патишта и улици

Редовното одржување и заштита на локалните патишта и улици ќе биде извршувано од страна на економски оператор ангажиран од страна на Општина Неготино по пат на тендерска постапка.

### 2.6.2. Зимско одржување на локалните патишта и улици

**Со програмата се предвидува:**

1. Цел на програмата
2. Организациона поставеност
3. Приоритетна листа за зимско одржување
4. Финансиски средства
5. Временски рокови за извршување на работите
6. Динамика и начинот на оджување на улиците

### 1. Цел на програмата

Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта во Општина Неготино за 2026/2027 година, има за цел да предвиде ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Неготино опфатено со Генералниот урбанистички план како и на целата територија на општина Неготино и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на истата.

### 2. Организациона поставеност на учесниците

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа програма.

#### 2.1 Одделение за комунални работи и сообраќај при општина Неготино

- ја изготвува програмата;

- ја организира зимската служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските за зимските служби и обврските на учесниците.

## 2.2 ЈП “Комуналец” Неготино

- ја реализира програмата за функционирање на зимската служба,
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејноста во зимски услови,
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува до исправна состојба за дејствување во зимски услови,
- ЈП “Комуналец” обезбедува набавка и чување и складирање како и растурање на сол и песок и други материјали,
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини,
- ја оспособува атмосферската канализација – шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот,
- води целосна документација за зимската служба,
- доставува распоред на анализа за приправност со податоци за работна рака и механизација секој месец однапред,
- покрај своите редовни активности врши чистење на снег на пристапите до контејнерите и околу нив,
- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје,
- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите,
- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата,
- одговорните работници на дежурство вршат потребни контакни со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информаци на надлежните субјекти и граѓани.

| Механизација и опрема | |
|---|---|
| Трактор со приколка | 4 броја |
| Скип | 2 броја |
| Вум за растурање на сол и ризла | 2 броја |
| Булдужер | 1 број |
| Камион за ринење на снег | 1 број |
| | |
| **Работна рака** | |
| Раководител | 1 работник |
| Раководител на смена | 1 работник |
| Работниви за припрема на сол | 2 работника |
| Возачи | 5 работника |
| Работници за опслужување | 5 работника |

*Механизација, опрема и работна сила со која располага ЈП “КОМУНАЛЕЦ” - Неготино*

## 2.3 Други учесници

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина при општина Неготино преку задолжените лица и тоа за присуство и механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часа и квалитетот на извршените задачи.

- **Македонија Пат – Неготино** со својата работна така и механизација ги расчистува регионалните патишта кои се на територија на општина Неготино.
- **Дирекција за заштита и спасување –** при обилни врнежи на повик на дирекцијата се вклучуваат и други правни субјекти со својата механизација.
- **ОВР – Сообраќајна полиција** при одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастаната ситуација на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.
- **Претпријатија, училишта, заедници и граѓани –** сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории превземаат мерски за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.
- **Граѓаните односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбени објекти** го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и приодните места пред своите станбени објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.
- **Печатени и електронски медиуми –** за сите активности кои ќе се превземат ќе бидат благовремено информирани граѓаните и јавностаод општина Неготино преку електронските медиуми и печатените медиуми.

## 3. Приоритетна листа на улици за зимско одржување

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Неготино во зимски услови при врнежи од снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во три приоритетни групи на одржување.

### I. Приоритет

Во I – ва приоритетна група спаѓаат сите преодно – влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот и улици кои го

поврзуваат административниот ценат и тоа: Одделение за внатрешни работи, амбулантни установи, автобуска станица, детски градинки, училишта и пекари.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и општината.

Тоа се булеварите и улиците:
- улица “Фемо Кулаков”
- улица “Маршал Тито”
- улица “Индустриска”
- улица “Партизанска”
- улица “Јане Сандански”
- улица “Ацо Аџи Илов”
- улица “Пекарев”
- улица “Борис Кидрич”
- улица “Киро Крстев”
- улица “Ленинова”
- улица “Гоце Делчев”
- улица “Даме Груев”
- улица “Цандо Кожинков”
- улица “Климентова”
- улица “Владо Арсов Шпанац”
- улица “Петар Димирски”
- улица “Антигона”
- улица “Вељко Влаховиќ”
- улица “Коста Вулкановски”
- улица “Ленинова”
- улица “25ти Мај”
- Градски плоштад

Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат и регионалните и локалните патишта до населените места.

### II. Приоритет

Во II – приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците кои ги поврзуваат сообраќајниците од првиот приоритет, сообраќајот во градот може несметно да се одвива во сите правци и во сите реони на градот, како и пристапните општински патишта со кои се поврзани сите приградски населби во општина Неотино.

### III. Приоритет

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и ќебови на улици од

претходните два приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивасње на сообраќајот во зимски услови.

## 4. Динамика и ниво на одржување

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови, и тоа:

- при појава на голомразица или снежни врнежи до 5 cm (прва состојба на готовност);
- при појава на голомразица или снежни врнежи над 5 cm (втора состојба на готовност).

ЈП „Комуналец" – Неготино ги врши сите активности за зимско одржување и оспособување на коловозните површини во првата и во втората состојба на готовност, со сопствена механизација, опрема, работна сила и абразивни средства.

Во првата состојба на готовност, ЈП „Комуналец" врши расчистување и оспособување на коловозните површини, првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна група.

Во втората состојба на готовност, ЈП „Комуналец" продолжува со расчистување на сообраќајниците од првата приоритетна група, а по нивното оспособување продолжува со сообраќајниците од втората и третата приоритетна група, како и со локалните патишта до населените места.

Во зимски услови, при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на објекти, се должни веднаш да започнат со чистење на снегот од тротоарите и отворените површини пред своите објекти, со цел да се обезбеди непречен и безбеден пристап до истите.

| Висина на надомест за работна рака обезбедена од ЈП "Комуналец" | | |
|---|---|---|
| 1 | раководител | 240,00 денари / час |
| 2 | раководител на смена | 220,00 денари / час |
| 3 | работници за припрема на сол | 140,00 денари / час |
| 4 | возачи | 150,00 денари / час |
| 5 | работници за опслужување | 140,00 денари / час |

| Висина на надоместок за механизација обезбедена од ЈП "Комуналец" | | |
|---|---|---|
| 1 | Рачен утовар на шут и транспорт со трактор и приколица | 1.600,00 денари / тура |
| 2 | Скип – машински ископ | 2.500,00 денари / час |
| 3 | Машински ископ со скип машина | 250,00 денари / м³ |
| 4 | Машинско затрупување | 160,00 денари / м³ |
| 5 | Машинско сечење на бетон и асфалт | 150,00 денари / м' |
| 6 | Машински утовар на шут и земја | 2.500.00 денари / м' |
| 7 | Поминат километар на ровокомач (скуп машина) | 40,00 денари / км |

## 5. Извршување на програмата и надзор

Активностите за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈП "Комуналец" – Неготино врз основа на

Програмата за зимско одржување направена од Одделението за комунални работи и сообраќај при општина Неготино.

Надзор врз извршувуањето на оваа Програма врши градоначалникот на општина Неготино преку Одделението за комунални работи и сообраќај и Одделението за инспекциски работи при општина Неготино.

Вкупниот износ на потпрограмата **J7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО И ПЛАЌАЊЕ НА ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 2.500.000,00 денари се заменува со 2.200.000,00 денари.

Во потпрограмата **J7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**, во **точка 1.2** се вршат следниве измени:

- вкупната парковна површина од ~~147.936~~м² се заменува со **251.767м²;**
- тревните површини со површина од ~~115.825~~м² се заменува со **181.406 м²;**
- бројот на грмушки од ~~701~~ се заменува со **1126;**
- бројот на зимзелени садници од ~~469~~ се заменува со **761;**
- бројот на листопадни дрва од ~~1551~~ се заменува со **1586;**
- бројот на дрвореди од ~~439~~ се заменува со **402;**
- вкупната површина на жардинерии од ~~1.434~~м² се заменува со **2.384 м².**

- Измени се вршат и во табеларниот приказ во кој детално се претставени зелените површини и вегетацијата во нив.

| | назив на објектот | вкупна површина | зимзелени садници | | листопадни садници | | грмушки | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Парк кај спортска сала Младост | 49.080 м² | ~~200~~ | 263 | ~~720~~ | 865 | ~~110~~ | 197 | ~~1030~~ | 1325 |
| 2 | Спомен костурница | 17.970 м² | ~~63~~ | 35 | ~~232~~ | 273 | ~~15~~ | 141 | ~~310~~ | 449 |
| 3 | Парк позади општинска зграда | 2.500 м² | ~~2~~ | 86 | ~~35~~ | 44 | ~~14~~ | 45 | ~~51~~ | 175 |
| 4 | Антигона 1 | 3.580 м² | ~~42~~ | 53 | ~~52~~ | 70 | ~~32~~ | 33 | ~~126~~ | 156 |
| 5 | Парк кај булевар Маршал Тито | 6.630м² | ~~16~~ | 22 | ~~158~~ | 31 | ~~110~~ | 77 | ~~284~~ | 130 |
| 6 | Парк кај полиција | 2.520 м² | ~~16~~ | 20 | ~~30~~ | 25 | ~~40~~ | 14 | ~~84~~ | 59 |
| 7 | Парк кај музеј | 5.080 м² | ~~34~~ | 25 | ~~26~~ | 15 | ~~57~~ | 60 | ~~117~~ | 100 |
| 8 | Парк кај споменик Манчо Малиминов | 8.000 м² | ~~26~~ | 17 | ~~61~~ | 126 | ~~45~~ | 157 | ~~132~~ | 300 |
| 9 | Жардинерии на градски плоштад | 1.790 м² 1.370 м² | ~~27~~ | 90 | ~~29~~ | 26 | ~~84~~ | 109 | ~~140~~ | 225 |
| 10 | Жардинерии на Страшо Пинџур | 64 м² | ~~2~~ | 6 | ~~7~~ | 9 | ~~12~~ | 49 | ~~21~~ | 64 |
| 11 | Детско игралиште кај музеј | 1.760 м² | ~~0~~ | 22 | ~~21~~ | 31 | ~~56~~ | 184 | ~~77~~ | 237 |
| 12 | Дрворед на улица Партизанска | 2.000 м² | ~~0~~ | 0 | ~~105~~ | 115 | ~~0~~ | 0 | ~~105~~ | 115 |
| 13 | Дрворед од булевар до улица Партизанска | 4.000 м² | ~~0~~ | 0 | ~~199~~ | 266 | ~~0~~ | 0 | ~~199~~ | 266 |
| 14 | Градски стадион | 5.000 м² 8.000 м² | ~~0~~ | 6 | ~~0~~ | 8 | ~~0~~ | 0 | ~~0~~ | 14 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Дрворед на улица Пекарев, Страшо Пинџур | 800 м² | ~~0~~ | 4 | ~~0~~ | 21 | ~~0~~ | 5 | ~~0~~ | 30 |
| 16 | Парк кај Градска порта | 1.500 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 17 | Парк кај Монопол | 1.200 м² | ~~2~~ | 0 | ~~32~~ | 0 | ~~30~~ | 0 | ~~67~~ | 0 |
| 18 | Парк во Тимјаник | 1.300 м² | ~~0~~ | 0 | ~~8~~ | 0 | ~~0~~ | 0 | ~~8~~ | 0 |
| 19 | Фонтана пред општина | 10 м² | ~~0~~ | 0 | ~~2~~ | 0 | ~~11~~ | 0 | ~~13~~ | 0 |
| 20 | Фонтана на г. плоштад | 100 м² | ~~6~~ | 0 | ~~0~~ | 0 | ~~40~~ | 0 | ~~46~~ | 0 |
| 21 | Фонтана пред дом на култура | 10 м² | 4 | 0 | ~~5~~ | 0 | ~~2~~ | 0 | ~~11~~ | 0 |
| 22 | Парк на Саат кула | 14.000 м² | ~~15~~ | 52 | ~~80~~ | 57 | ~~40~~ | 55 | ~~135~~ | 164 |
| 23 | Парк на улица Фемо Кулаков | 1.600 м² | ~~14~~ | 60 | ~~19~~ | 6 | ~~3~~ | 0 | ~~36~~ | 66 |
| 24 | Страна спроти суд, нов суд, Зорка цвеќара, чауш и пред кино | 1.590 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 25 | Фудбалско игралиште кај спортска сала – ново | 8.000 м². | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 26 | Чистење на речно корито | 2.110 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 27 | Чистење кај лева и десна патека | 8.440 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 28 | Парк кај Стопанска банка | 500 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 29 | Жардинерии кај Неготинки | 950 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 30 | Споменик на Јован Димитриев до хотел Греу Стар | 1.955 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 31 | Скали кај продавница весна на улица 12 Ваташки Другари | 400 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 32 | Парк 8ми Ноември | 3.123 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 33 | Улица Фемо Кулаков (од игротека до тимјаник) | 1.920 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 34 | Триаголник на Саат Кула до аптека Златен лист | 420 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 35 | Зелен појас под згради на Саат кула до градинка Фемо Кулаков | 5.948 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 36 | Асфалтиран пат до населени места (Долни Дисан, Војшанци, Курија, Црвени Брегови, Пепелиште и Криволак) | 44.000 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 37 | Речно корито во село Војшанци | 3.467 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 38 | Зелен појас околу Социјална зграда | 1.520 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 39 | Парк во село Тимјаник | 5.000 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |
| 40 | Парк во село Војшанци | 3.650 м² | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Парк во село Курија | 2.000 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Парк во село Пепелиште | 800 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Парк во село Криволак | 1.000 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | Парк во село Долни Дисан | 1.000 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 45 | Парк во село Црвени Брегови | 600 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Парк во село Калаѓево | 20.000 м² | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 251.767м² | ~~469~~ 761 | ~~1821~~ 1988 | ~~701~~ 1126 | ~~2992~~ 3875 |

- Измени се вршат и во табеларниот приказ во кој во кој се прикажани цените за сите видови на активности за кои е задолжено ЈП Комуналец, Неготино.

| бр. | вид на работа | кв. | ед. мерка | цена | | пати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | рачно косење на тревник | пк | м² | 2,40 | 1,00 | 8 |
| 2 | гребење на трева пред машинско косење | нк | м² | 1,70 | 0,50 | 12 |
| 3 | машинско косење | кв | м² | 1,90 | 1,00 | 12 |
| 4 | собирање на трева | нк | м² | 1,00 | 0,50 | 12 |
| ~~5~~ | ~~изнесување на трева со количка~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~1,00~~ | | ~~8~~ |
| ~~6~~ | ~~утовар на трева во камион~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~1,60~~ | | ~~8~~ |
| 7 | собирање на лист со изнесување | нк | м² | 2,90 | 1,50 | 15 |
| ~~8~~ | ~~утовар на лист во камион~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~1,80~~ | | ~~15~~ |
| 9 | рачно полевање на трева и вегетација | нк | м² | 1,90 | 1,00 | 36 |
| 10 | садење на ~~сезонско~~ цвеќе | кв | м² | 110,00 | 60,00 | 2 |
| 11 | прашење на цветни површини | пк | м² | 39,00 | 15,00 | 2 |
| 12 | окопување на дрва и грмушки | пк | бр. | 150,00 | 50,00 | 2 |
| 13 | кроење на грмушки | кв | бр. | 120,00 | 60,00 | 2 |
| 14 | фото заштита | вк | м² | 500 | | 2 |
| 15 | поливање на дрвореди со цистерна | пк | м² | 5,70 | 1,50 | 16 |
| 16 | окопување на дрвореди | пк | м² | 150,00 | 50,00 | 1 |
| 17 | кроење на дрвја во дрвореди | вк | м² | 122,00 | 60,00 | 1 |
| 18 | кроење на жива ограда | кв | м² | 60,00 | 30,00 | 3 |
| 19 | окопување на жива ограда | пк | м² | 41,00 | 20,00 | 3 |
| ~~20~~ | ~~метење асфалт, патеки и бехатон плочки~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~1,,2~~ | | ~~55~~ |
| ~~21~~ | ~~сечење на ивици по булеварски патеки~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~5,9~~ | | ~~1~~ |
| ~~22~~ | ~~собирање на отпадоци и хартија~~ | ~~нк~~ | ~~м²~~ | ~~0,12~~ | | ~~90~~ |
| 23 | жардинерии | | | | | |
| | поливање | пк | м² | 1,90 | 1,00 | 36 |
| | прашење | пк | м² | 50,00 | 19,00 | 3 |
| | плевење | пк | м² | 50,00 | 19,00 | 3 |
| 24 | перени | | | | | |
| | садење и расадување | кв | м² | 11,4 | | 1 |
| | прашење и поливање | пк | м² | 10,5 | | 2 |
| 25 | заштита на растенија со вар н=1.30м | пк | бр. | 26 | 15,00 | 1 |
| ~~26~~ | ~~чистење на трибини од трева~~ | ~~пк~~ | ~~м²~~ | ~~2,60~~ | | ~~3~~ |
| ~~27~~ | ~~чистење на трибини од отпадоци~~ | ~~пк~~ | ~~м²~~ | ~~0,60~~ | | ~~20~~ |
| 28 | ѓубрење на трева | пк | м² | 4,00 | | 2 |
| 29 | полевање на паркови и друго зеленило како јавна површина | пк | м² | 0,96 | 0,30 | 12 |

- Во табелата каде се дадени сите јавни површини (паркови и зеленило) кои се предмет на одржување со потребните финансиски средства се вршат следниве измени (измени се вршат само на вкупната површина на јавните површини.

| J7<br>Рб. | Расходи за одржување и користење на паркови и зеленило по локација | Вкупно површина м² | Финансиски средства за 2026 година |
|---|---|---|---|
| 1 | Парк кај спортска сала Младост | 49.080 м² | |
| 2 | Спомен костурница | 17.970 м² | |
| 3 | Парк позади општинска зграда | 2.500 м² | |
| 4 | Антигона 1 | 3.580 м² | |
| 5 | Парк кај булевар Маршал Тито | 6.630 м² | |
| 6 | Парк кај полиција | 2.520 м² | |
| 7 | Парк кај музеј | 5.080 м² | |
| 8 | Парк кај споменик Манчо Малиминов | 8.000 м² | |
| 9 | Жардинерии на градски плоштад | 1.370м² | |
| 10 | Жардинерии на Страшо Пинџур | 64 м² | |
| 11 | Детско игралиште кај музеј | 1.760 м² | |
| 12 | Дрворед на улица Партизанска | 2.000 м² | |
| 13 | Дрворед од булевар до улица Партизанска | 4.000 м² | |
| 14 | Градски стадион | 8.000 м² | |
| 15 | Дрворед на улица Пекарев, Страшо Пинџур | 800 м² | |
| 16 | Парк кај Градска порта | 1.500 м² | |
| 17 | Парк кај Монопол | 1.200 м² | |
| 18 | Парк во Тимјаник | 1.300 м² | |
| 19 | Фонтана пред општина | 10 м² | |
| 20 | Фонтана на г. плоштад | 100 м² | |
| 21 | Фонтана пред дом на култура | 10 м² | |
| 22 | Парк на Саат кула | 14.000 м² | |
| 23 | Парк на улица Фемо Кулаков | 1.600 м² | |
| 24 | Страна спроти суд, нов суд, Зорка цвеќара, чауш и пред кино | 1.590 м² | |
| 25 | Фудбалско игралиште кај спортска сала – ново | 8.000 м². | |
| 26 | Чистење на речно корито | 2.110 м² | |
| 27 | Чистење кај лева и десна патека | 8.440 м² | |
| 28 | Парк кај Стопанска банка | 500 м² | |
| 29 | Жардинерии кај Неготинки | 950 м² | |
| 30 | Споменик на Јован Димитриев до хотел Греу Стар | 1.955 м² | |
| 31 | Скали кај продавница весна на улица 12 Ваташки Другари | 400 м² | |
| 32 | Парк 8ми Ноември | 3.123 м² | |
| 33 | Улица Фемо Кулаков (од игротека до тимјаник) | 1.920 м² | |
| 34 | Триаголник на Саат Кула до аптека Златен лист | 420 м² | |
| 35 | Зелен појас под згради на Саат кула до градинка Фемо Кулаков | 5.948 м² | |
| 36 | Асфалтиран пат до населени места (Долни Дисан, Војшанци, Курија, Црвени Брегови, Пепелиште и Криволак) | 44.000 м² | |
| 37 | Речно корито во село Војшанци | 3.467 м² | |
| 38 | Зелен појас околу Социјална зграда | 1.520 м² | |
| 39 | Парк во село Тимјаник | 5.000 м² | |
| 40 | Парк во село Војшанци | 3.650 м² | |
| 41 | Парк во село Курија | 2.000 м² | |
| 42 | Парк во село Пепелиште | 800 м² | |
| 43 | Парк во село Криволак | 1.000 м² | |
| 44 | Парк во село Долни Дисан | 1.000 м² | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 45 | Парк во село Црвени Брегови | 600 $м^2$ | |
| 46 | Парк во село Калањево | 20.000 $м^2$ | |
| 47 | Набавка на семе за трева, сезонско цвеќе, садници, ѓубриво за похранување и хемиска заштита | | |
| 48 | Непредвидени вонредни активности | | |
| 49 | Техничка подршка и надзор | | |
| Ј7 | СЕ ВКУПНО | 251.467 | 2.500.000,00 |

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ПЛАЌАЊЕ НА ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 2.230.000,00 денари се заменува со 2.380.00,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **Ј9 – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**од 3.000.000,00 денари се заменува со 4.800.000,00 денари.

Вкупниот износ на потпрограмата **ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ПЛАЌАЊЕ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 22.764.168,00 денари се заменува со 22.183.176,00 денари.

Во потпрограмата **ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** се додава точка 63 и точка 64 и гласи:

63. Изградба на комунална инфраструктура на дел од КП бр. 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП бр. 678, КП бр. 679, КП бр. 680, дел од КП бр. 681, КП бр. 762, КО Криволак, дел од КП бр. 1000/1, дел од КП бр. 1006/2 и дел од КП бр. 4178/1, КО Неготино, општина Неготино.
64. Реконструкција на крак од улица Ацо Аџи Илов, општина Неготино.

Вкупниот износ на потпрограмата **ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 17.563.268,00 денари се заменува со 19.000.000,00 денари.

Во потпрограмата **ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** се додава точка 24 и точка 25 и гласи:

**Точка 23:**Изградба на комунална инфраструктура на дел од КП бр. 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП бр. 678, КП бр. 679, КП бр. 680, дел од КП бр. 681, КП бр. 762, КО Криволак, дел од КП бр. 1000/1, дел од КП бр. 1006/2 и дел од КП бр. 4178/1, КО Неготино, општина Неготино.

**Точка 25:**Наводнување на парковска површина на спортска сала Младост – ГП6.

Вкупниот износ на потпрограмата **ЈИ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**од 4.000.000,00 денари се заменува со 2.500.000,00 денари.

Во потпрограмата **ЈИ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**се додава точка 20 и гласи:

- Изградба на комунална инфраструктура на дел од КП бр. 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП бр. 678, КП бр. 679, КП бр. 680, дел од КП бр. 681, КП бр. 762, КО Криволак, дел од КП бр. 1000/1, дел од КП бр. 1006/2 и дел од КП бр. 4178/1, КО Неготино, општина Неготино.

Во потпрограмата **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** се брише **точка 5.30.**

Во точка 5.14 од потпрограмата **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** во табелата под римски број VI помеѓу зборовите **мотел и планинарски дом** се додава: времено сместување во викенд куќи и гласи:

- **Обејти од група на класи на намена Б5 – угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта и објекти од групата на класи на намени А4 – хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.**

Вкупниот износ на потпрограмата **ЈН – УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) И ПЛАЌАЊЕ НА ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**од 1.000.000,00 денари се заменува со 300.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино " .**

**бр.08- 1971/ 7**
**11.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во обласа на социјалната заштита во 2026 година** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/5
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ “ бр. 202/24 ) и член 79 став 1, точка 26 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

## ПРОГРАМА

### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2026 година

### Член 1

Во **Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2026 година** се вршат следните измени и дополнувања:

Износот од **800.000,оо** денари за еднократна помош (конто 471160) се зголемува за **150.000,оо** денари и изнесува **950.000,оо** денари.

Се додава нова ставка на конто 426 990 – финансиска поддршка за активности на Локален младински совет во износ од **20.000,оо** денари.

Вкупниот износ на програма Т1 од **3.706.000,оо** денари се зголемува на износ од **3.876.000,оо** денари.

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино”.**

бр.08- 1971/ 8
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Развојна програма за измена на Развојна програма за реконструкција на улица Ленинова во општина Неготино**

Се објавува **Развојна програма за измена на Развојна програма за реконструкција на улица Ленинова во општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/6**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 21б од Законот за буџетите ( „ Сл.весник на РМ “ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 ) ( Сл.весник на РСМ “ бр. 151/21 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

Развојна програма за измена и дополнување на Развојана програма за

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови | Ознака на буџетска/општинска програма | JD |
| Развојна потпрограм | Реконстукција на улица Ленинова во Општина Неготино | Ознака на развојна потпрограма | JDV |
| Лице за контакт | Аница Карафилоска | Тел. и телефакс | 70407790 |
| Функција: | помлад соработник за мали и средни претпријатија | Е-маил | аница.карафилоскаЖsахоо.цом |

Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)

ОПИС

Во рамки на Развојната програма идентификувана е неопходност од реализација на проектот: ,,Реконструкција на улица „Ленинова“ во Неготино" (Улицата во Неготино која води кој најголемата населба во градот со околу 1000 жители е во лоша, незавидна состојба-оштетен коловоз и тротоар ,оштетени дотраени други конструктивни елементи-шахти,цевки ,решетки кои придонесуваат кон недоволната безбедност на возачите,пешаците,велосипедистите итн - односно намалениот квалитет на јавниот простор го нарушува секојдневното функционирање на граѓаните и бизнисите - претрпиемачи во овој дел на градот кој не овозможуваат безбедно и непречено движење на населението - пешаци,безбедност во сообраќајот.Динамиката и фреквенцијата на сообраќајниот режим е зголемена со тоа што на самата улица се наоѓа и јавна институција ЈОУГД ФЕМО КУЛАКОВ детска градинка така што со соодветна модерна квалитетна реконструкција улицата добива можност за обнова ,употребна вредност и безбедност на повисоко ниво и со тоа импакт и оправданост на потребата од реконстукција на улицата Ленинова со која ќе се подобри општата урбана слика ќе се зголеми бебзбедноста и пристапноста ,а истовремено ќе се олесни развојот во економската активност на подрачјето нормално полесно и адекватно функционирање на секоја единка што е во согласност со приоритетите на општината .За таа цел е изработена развојна програма со која е предвидено да биде изработена комплетна техничка документација и реализација на истата со која ќе се реконструира улицата со што граѓаните ќе добијат подобрување на урбаната инфраструктура и квалитет на живот,подобрување на безбедноста во сообраќајот, подобро поврзување и пристапност на станбените и јавни деловни објекти во населбата каде поминува улицата (особено за лицата со попреченост)подобрување на урбаниот амбиент и естетика преку намалување на оштетувањата,подобрување на квалитет на патната инфраструктура и подобрување на еколошките услови во самото подрачје како главни цели во реализација на оваа развојна потпрограма и проект.

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Очекувани резултати од проектот се во насока на реконструирана коловозна површина со зголемена носивост и трајност со оглед на големата фреквенцијата на улицата,реконструиран тротоар кој би бил достапен за сите граѓани ,подобрена безбедност за сите учесници во сообраќајот ,преку квалитетната реконстуркција со квалитетни материјали кои би обебедиле намалени трошоци за одржување на улицата во наредните години(кои настануваат поради дефекти кои во идните години со квалитетна реконструкција би биле намалени)и секако подобрен пристап до објектите во населбата што ќе влијае позитивно кон економската активност како на пр подобрување на условите за транспорт и достава на производи и услуги како и подобрување на животната средина.Сите овие очекувани резултати водат кон подобрување на урбаната мобилност -одржливост и развој и подобрување на квалиет на живот како императив на Општината за граѓаните. |
| Ризик и претпоставки | Временски услови(неповолни )кои би можеле да го одложат текот и завршувањето на реконструкцијата, Енергетска и финансиска криза-промени во цените на градежните материјали или гориво ,непредвидени дефекти на постојната подземна инфраструктура (водовод ,канализација или електроинсталации)Незадоволство кај граѓаните поради ограничување на сообраќајот и пристап до нивните објекти за време на изведбата,доцнење од изведувачот Претпоставки-обезбедени средства за реализација на проектот,обезбедени сите дозволи и согласности од надлежни институции,одредена поволна временска рамка со поволни временски услови за реконструкција,Локалното население и деловните субјекти ќе покажат разбирање за потребата од времено затварање или ограничување на улицата во време на градежните активноисти и избраниот изведувач ќе има соодветен технички кадровски и материјален капацитет за навремена реализација на реконструкцијата на улицата како проектна задача. |
| Датум на започнување со имплементација на | 2025 |
| Датум на завршување на проектот | 2026 |
| Вкупна вредност | 19.428.059,00 денари |
| Име на студија | Реконструкција на улица Ленинова во Општина Неготино |
| Ниво на студија* | |
| Автор/Фирма, седиште | ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖИНЕРИНГ АВ ДООЕЛ БИТОЛА |
| Датум на изготвување на проектна документација | август,2023 година |

| | | 2024 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | ГП | | | | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (сч

ИП = Идеен проект

ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија

ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2023 | Предвидени расходи за 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | | | | | | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** мин за Транспорт | | 17.470.418,00 | | | | 9.600.000,00 | 7.870.418,00 | |
| Вкупно | | 17.470.418,00 | | | | 9.600.000,00 | 7.870.418,00 | |

* Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.

***Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)

бр. 08-1971/8
11.08.2026

Совет на општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година ( 21, 22 и 23 Септември 2026 година) и поставување на урбана опрема за Луна парк**

Се објавува **Програма за поставување урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година ( 21, 22 и 23 Септември 2026 година) и поставување на урбана опрема за Луна парк** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/7
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## за поставување урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година ( 21, 22 и 23 Септември 2026 година) и поставување на урбана опрема за Луна парк

### Член 1

Со оваа програма се уредува поставувањето на урбана опрема на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште во градското подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година (21, 22 и 23 септември), утврдување на висината на надоместокот за користење на јавните површини како и постапката за начинот и условите за изнајмување на локации за време на Неготинскиот панаѓур и поставување на урбана опрема за Луна парк на јавна површина на општина Неготино.

I. Поставување на урбана опрема на јавни површини

Програмата за поставување урбана опрема во општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година и за поставување на урбана опрема – луна парк, се состои од текстуален и графички дел.

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се уредуваат бројот, видот и големината на урбаната опрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.

Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот во градското подрачје на Неготино.

Просторот што се издава на времено користење е исклучиво за поставување на урбана опрема за комерцијално работење за намената за која што се поставуваат со точно утврдени датуми.

## 1. ВИДОВИ НА ЛОКАЦИИ ЗА УРБАНА ОПРЕМА КОЈА ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА ЗА ВРЕМЕ НА НЕГОТИНСКИОТ ПАНАЃУР СЕ СО ЦЕЛ ВРШЕЊЕ НА ПРОДАЖБА И ПРОПРАТНИ АКТИВНОСТИ

- Локации за поставување на унифицирана урбана опрема за продажба на храна, поставување на апарати за правење на крофни, за шеќерен памук и за печење на пилиња, локации за продажба на сладолед, безалкохолни пијалоци, домашни традиционални прехранбени производи, алва, локум, вино, ракија, како и производи од скара и месни производи.

- Локации за поставување на опрема за продажба на сувенири, книги, народни ракотворби, уметнички слики, цвеќе, обувки, текстил и детски играчки.

- Локации за поставување на опрема за продажба на производи и прибор за домаќинството, средства за хигиена, поправки и одржување, електроника, игри на среќа и слично.

- Локации за поставување на јавни тоалети во служба на планираните настани.

- Локации за поставување на јавни тоалети на две локации околу спортска сала „Младост" и една во спортска сала „Младост".

## I. ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ЗА ВРЕМЕ НА НЕГОТИНСКИОТ ПАНАЃУР 2026 ГОДИНА

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година се утврдува по зони:

Согласно атрактивноста на просторот и локацијата за поставување на опрема за комерцијално користење на јавните површини за тридневен период 21, 22 и 23 септември 2026 година, за времетраење на Неготинскиот панаѓур се формирани следните зони поодделно опишани кои локации влегуваат во таа зона со графички прилог.

### *1 ЗОНА*

**Спортска сала „Младост" – Кошаркарско и фудбалско игралиште, долж градски кеј и асфалтиран дел кај фонтана во спортска сала „Младост".**

Во оваа зона влегуваат следните локации претставени во графичкиот прилог:

- Локација на кошаркарско игралиште;
- Локација на фудбалско игралиште;
- Локација долж патека на градски кеј, при влезот во спортска сала „Младост", после скалите од левата страна;
- Локација кај клупите покрај фонтаната, во внатрешниот простор на спортска сала „Младост", асфалтиран дел.

Секое продадено место за тезга за комерцијално работење изнесува 2 должни метри и спрема ова се пресметува цената согласно зона 1. Корисниците на местата предвидени за тезги на градскиот панаѓур не се ограничуваат со број на места кои сакаат да ги купат.

*2 ЗОНА*

**Земјен дел на Спортска сала „Младост“.**

Во оваа зона влегуваат следните локации претставени во графичкиот прилог:

- **Локација земјен дел десно од патот одбележан за возила при влез во спортска сала „Младост“.**

Секое продадено место за тезга за комерцијално работење изнесува 2 должни метри и спрема ова се пресметува цената согласно зона 2. Корисниците на местата предвидени за тезги на градскиот панаѓур не се ограничуваат со број на места кои сакаат да ги купат.

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за поставување на урбана опрема за комерцијално користење за времетраење на Неготинскиот панаѓур 2026 во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година по зони, за еден метар должен изнесува:

**1 Зона..... 3.000,оо денари,**

**2 Зона......2.000,оо денари,**

*ЗОНА ЗА ХРАНА*

Зоната за храна ќе ги завземе следните локации претставени во графичкиот прилог:

- **Асфалтиран дел кај чешмата за вода, лева страна;**
- **Асфалтиран дел кај чешмата за вода, пред скалите;**
- **Асфалтиран дел долж патеката паралелно со градскиот кеј, од десната страна, одма до објектот на спортската сала „Младост“.**

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за обврзниците кои поставуваат апарати (машини) за правење на крофни, за шеќерен памук и за печење пилиња и скари изнесува **5.000,оо** денари.

## II. ПОСТАПКА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЛОКАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА НЕГОТИНСКИОТ ПАНАЃУР

Локациите и површините на местата за поставување на урбаната опрема подетално се опишани во делот II точка 1 од текстуалниот дел и нивната местоположба е детално опишана во графичкиот дел од оваа Програма.

Доделувањето на правото на поставување на урбана опрема и времените објекти на подрачјето на Општина Неготино за време на Неготинскиот Панаѓур 2026 година ќе се врши по пат на објавување на Јавен оглас за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење за деновите 21, 22 и 23 на општина Неготино и го објавува на ВЕБ страната на општина Неготино, во еден дневен весник, во Службен весник на РСМ и на огласна табла во

општина Неготино.

Цените за издавање за еден метар должен на времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење за деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година се следните:

**1 Зона..... 3.000,оо денари,**

**2 Зона......2.000,оо денари,**

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за обврзниците кои поставуваат апарати (машини) за правење на крофни, за шеќерен памук и за печење пилиња и скари изнесува **5.000,оо** денари.

Принципот на доделување на локациите за поставување на опремата за издавање на времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година е по принципот **прв дојден прв услужен**, поточно објаснето дека предност во добивање на локацијата за поставување на урбаната опрема е правното или физичкото лице кое прво ќе поднесе Барање за добивање на локација за времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година.

Моментот од кога ќе се поднесуваат барањата за добивање на локација за времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година ќе биде одреден во Јавниот оглас кој ќе го објави општина Неготино, од кога ќе започнат да се примаат барањата за добивање на локација за времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година за Неготинскиот панаѓур 2026 година од страна на комисијата составена од страна на Градоначалникот на општина Неготино. Моментот од започнување на јавниот оглас за поднесување на барања за добивање на локација за времено користење за добивање на право на поставување на урбана опрема за издавање на времено користење, како и датумот и часот на завршување на можноста за поднесување на ваквите барања, децидно ќе бидат наведени во јавниот оглас кој го објавува општина Неготино.

Барањата за добивање на локација за времено користење за поставување на урбана опрема за издавање во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година мора да содржат **Име и презиме или Назив на фирма на правното лице на барателот, адреса, ЕМБГ или ЕДБ, бараната локација на која сака да се постави опремата, копија од лична карта или тековна состојба и точно наведување на часот и датумот кога е примено барањето**.

За опремата која ќе ја опфаќа Зоната за храна, односно за користење на јавните површини за корисниците кои поставуваат апарати (машини) за правење на крофни, за шеќерен памук и за печење пилиња и скари, барателите се должни да достават и **регистрација или одобрение од страна на Агенција за храна и ветеринарство, согласно видот на храната и активноста.**

Откако комисијата ќе го прими и одобри барањето за добивање на локација за времено користење за поставување на урбана опрема за издавање во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година, до барателот се доставува пресметка во која е пресметан и наведен надоместокот кој треба да биде уплатен за користење на јавната површина. Откако ќе се изврши уплата секој барател добива одобрение за поставување на урбана опрема во деновите 21, 22 и 23 септември 2026 година за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година донесено од страна на Градоначалникот или од него овластено лице, пропратено со потврда за уплатени средства Со одобрението за поставување на урбана опрема се утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

Се забранува изнајмување и пренесување на правото на користење локации за поставување на урбана опрема на трети лица.

## III. ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ОД НЕГОТИНО

Деловните субјекти со седиште во Неготино кои вршат продажба на мало (текстил, пластика, козметика, електрика и сл.) и кои ќе поставуваат тезги за време на Неготинскиот панаѓур плаќаат надоместок по повластена цена од **800 денари** по метар должен и по оваа цена можат да закупат максимум 2 метри должина. За секој метар плус се наплаќа по утврдениот надомест за секоја зона. Се забранува изнајмување и пренесување на правото на користење локации за поставување на урбана опрема на трети лица.

2. ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ЗА ЛУНА ПАРК

- **Локација за поставување на урбана опрема – луна парк кај стара гимназија.**

## I. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА – ЛУНА ПАРК 2026 ГОДИНА

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за поставување на урбана опрема ќе се пресметува согласно Програма за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино, донесена од Совет на општина Неготино.

## II. ПОСТАПКА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА

Локацијата и површината на местото за поставување на урбаната опрема – Луна парк, подетално се опишани во делот II точка 2 од текстуалниот дел и нивната местоположба е детално опишана во графичкиот дел од оваа Програма.

Условите за доделувањето на правото на поставување на урбана опрема – Луна парк, како временски точно одредените датуми кога урбаната опрема ќе биде поставена на подрачјето на Општина Неготино, ќе бидат поточно предвидени во Јавниот оглас кој се објавува од страна на општина Неготино, по влегување на сила на оваа Програма. Огласот го распишува Градоначалникот на општина Неготино и го објавува на ВЕБ страната на општина Неготино, во еден дневен весник, во Службен весник на РСМ и на огласна табла во општина Неготино.

Висината на надоместокот за користење на јавните површини за поставување на урбана опрема ќе се пресметува согласно Програма за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино, донесена од Совет на општина Неготино

Барателите на урбаната опрема која ќе се поставува согласно оваа точка, а од забавен карактер – Луна парк, покрај другите услови предвидени во јавниот оглас, задолжително ќе приложат и безбедносен сертификат за исправноста на урбаната опрема која што ќе биде поставена.

Откако комисијата го прими и одобри барањето за добивање на локација за времено користење за поставување на урбана опрама согласно оваа точка од Програмата, до барателот се доставува пресметка во која е пресметан и наведен надоместокот кој треба да биде уплатен за користење на јавната површина. Откако ќе се изврши уплата секој барател добива одобрение за поставување на урбана опрема донесено од страна на Градоначалникот на општина Неготино или од него овластено лице, пропратено со потврда за уплатени средства. Со одобрението за поставување на урбана опрема се

утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

Се забранува изнајмување и пренесување на правото на користење локации за поставување на урбана опрема на трети лица.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08- 1971/ 10**
**11.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 22, 24 и 25 септември 2026 година**

Се објавува **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 22, 24 и 25 септември 2026 година** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/8**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 23 став 3 и 4 од Законот за угостителската дејност ( „ Службен весник на РМ " бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на РСМ " бр. 31/20 , 16/25 и 134/26) и член 79 став 1 точка 43 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино " ( бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 22, 24 и 25 септември 2026 година**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти на територијата на општина Неготино се продолжува за **два** часа односно угостителските објекти може да работат од

- **07:00 до 02:00** часот наредниот ден , на ден **22 септември ( вторник ) 2026 година за време на Неготински панаѓур 2026 година .**
- **07:00 до 02:00** часот наредниот ден, на ден **24 ( четврток) 2026 година за време на Боемската вечер 2026 година**
- **07:00 до 03:00 часот наредниот ден, на ден 25 ( петок ) 2026 година за време на Неготинската вечер 2026 година**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино "** .

бр.08- 1971/ 11
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за определување на висината на надоместок за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден 25.09.2026 година за Неготинска музичка вечер 2026 година**

Се објавува **Одлука за определување на висината на надоместок за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден 25.09.2026 година за Неготинска музичка вечер 2026 година** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/9
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 79 став 1 точка 46 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

## ОДЛУКА

### за определување на висината на надоместок за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден 25.09.2026 година за Неготинска музичка вечер 2026 година

**Член 1**

Се определува висина на надоместокот за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден **25.09.2026** година за **Неготинска музичка вечер 2026 година** во износ од **600,оо** денари за поставена поединечна висока маса, шанк или урбана опрема .

**Член 2**

Доделувањето на локациите за поставување на масите од член 1 од оваа одлука се врши во просториите во општина Неготино врз основа на претходен договор помеѓу заинтересираните сопственици на угостителските објекти.

Сопствениците на угостителските објекти поднесуваат барање до Општина Неготино во кое го наведуваат бројот на маси кои ќе ги постават.

Општина Неготино по поднесените барања издава одобрение за поставување на масите по број и локација како и пресметка за износот кој што треба да биде платен.

**Член 3**

Средствата за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема за **Неготинска музичка вечер 2026 година** да се уплатат на **трезорска смета 100000063095, уплатна**

**сметка 840 148 03317 приходна шифра 717 135-00** со цел на дознака **комунална такса за користење на плоштад и други јавни површини.**

**Член 4**

Угостителските субјекти се должни износот определен во пресметката од член 2 од оваа одлука да го уплатат на горенаведената сметка најдоцна до **25.09.2026** година и да достават уплатница како доказ до Општина Неготино во рок од 3 дена ( одделение за финансии и буџет ).

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 1971/ 12**
**11.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци**

Се објавува **Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци** , што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/10**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино („ Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **11.09.2026** година го донесе сленото

## Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

### Член 1

Се дава согласност на **Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци** со бр. 02-200/3 од 20.08.2026 година на Управниот одбор на претпријатието .

### Член 2

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на Општина Неготино “ .**

бр.08- 1971/ 13
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј " Неготино за 2025 / 2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј " Неготино за 2025 / 2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

Бр.09- 2029/11
14.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Неготино
Марија Нацева с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ “ бр. 202/24 ), член 29 став 5 и 6 и член 89-а став 1 алинеа 2 од Законот за средно образование (Службен весник на РМ “ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2025/2026 година**

### Член 1

Советот на општина Неготино го усвои **Годишниот извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “** Неготино за учебната 2025/2026 година со бр. **03-245/1** од **21.08.2026** година.

### Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

бр.08- 1971/ 14
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2026/2027 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2026/2027 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/12**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. Весник на РМ " бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ " бр. 202/24 ), член 29 став 5 и 6 и член 89-а став 1 алинеа 2 од Законот за средно образование (Службен весник на РМ " бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино " бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишната програма за работа на СОУ„ Св. Кирил и Методиј " Неготино за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино ја усвои **Годишната програма за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј "** Неготино за учебната 2026/2027 година со бр.**0102/246-1** од **25.08.2026** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино " .**

бр.08- 1971/ 15
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

Се објавува **Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/13**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 17- ѓ, став 2 алинеја 1 од Закон за јавни претпријатија („Службен весник на РМ " бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „ Службен весник на РСМ " бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ" бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ " бр.202/24) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **11.09.2026** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**За разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино**

**Член 1**

Од член на Управниот одбор на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино** се разрешува лицето :

1. **Благица Темелкова**

**Член 2**

Членот на Управниот одбор на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино** се разрешува по негово барање.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „ **Службен гласник на Општина Неготино"** .

бр.08- 1971/ 16
11.09.2026 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Лилјана Арсова Митрова с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино**

Се објавува **Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/14**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член член 17-а став 2 ,17 –ѓ став 4 од Закон за јавни претпријатија ( „Службен весник на РМ " бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ " бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик , за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата , обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ( Сл. весник на РСМ бр. 213/24) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **11.09.2026** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино**

### Член 1

Општина Неготино распишува **Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино**

### Член 2

Јавниот повик ги содржи сите потребни податоци кои треба да ги исполнуваат заинтересираните кандидати, начинот на пријавување и избор согласно Законот за јавни претпријатија. Јавниот повик е составен дел на оваа одлука.

### Член 3

За избор на член на Управен одбор на **Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"** Неготино , Советот на општина Неготино по предлог на Градоначалникот формира Комисија за селекција согласно закон.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на општина Неготино** “ .

**бр.08- 1971/ 17**
**11.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур " Неготино за 2025/2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур " Неготино за 2025/2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.09.2026** година.

**Бр.09- 2029/15**
**14.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02 и,,Сл.весник на РСМ ,, бр.202/24) член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за Основно образование ( „ Сл.весник на РСМ “ бр. 161/19 , 229/20 , 3/25 ,74/25, 250/25, 250/25 и 111/26 ) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **11.09.2026** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за 2025/2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Годишниот извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино во учебната 2025/2026 година** бр. **01-269/2** од **07.09.2026** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 1971/ 18**
**11.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО 13 / 26


1. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2026 година
2. Програма за измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој на општина Неготино за 2026 година

3. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на образованието во општина Неготино за 2026 година

5. Заклучок за објавување на Програма за изменување на Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година
6. Програма за изменување на Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2026 година

7. Заклучок за објавување на Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежноземјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година
8. Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година

9. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2026 година
10. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2026 година

11. Заклучок за објавување на Развојна програма за измена на Развојна програма за реконструкција на улица Ленинова во општина Неготино
12. Развојна програма за измена на Развојна програма за реконструкција на улица Ленинова во општина Неготино

13. Заклучок за објавување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур

2026 година ( 21, 22 и 23 Септември 2026 година) и поставување на урбана опрема за Луна парк

14. Програма за поставување урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина Неготино за време на Неготинскиот панаѓур 2026 година ( 21, 22 и 23 Септември 2026 година) и поставување на урбана опрема за Луна парк

15. Заклучок за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 22, 24 и 25 септември 2026 година
16. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 22, 24 и 25 септември 2026 година

17. Заклучок за објавување на Одлука за определување на висината на надоместок за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден 25.09.2026 година за Неготинска музичка вечер 2026 година
18. Одлука за определување на висината на надоместок за користење на Градскиот плоштад во општина Неготино за поставување на маси, шанкови и урбана опрема на ден 25.09.2026 година за Неготинска музичка вечер 2026 година

19. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци
20. Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци

21. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2025 / 2026 година
22. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2025 / 2026 година

23. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2026/2027 година
24. Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за 2026/2027 година

25. Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

26. Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

27. Заклучок за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

28. Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино

29. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за 2025/2026 година

30. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за 2025/2026 година